ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ**

Колегиумот е одржан на ден **13.03.2023 година** во 08:00 часот во Мала сала на Општина Крива Паланка.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Сашко Митовски**, секретар на Општина Крива Паланка **Антонио Давитковски,** раководител на сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски,** раководител на сектор за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комуналната инфраструктура **Маја Костадиновска,** раководител на одделение за правни и општи работи **Даниела Велковска,** раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, раководител на одделение за човечки ресурси **Игор Додевски,** раководител на одделение за испекциски надзор **Бранко Велиновски,** раководител на ЛЕР со овластување **Валентина Ангеловска,** директорот на ЈП „Комуналец“ **Миле Марковски, с**оветник за јавни набавки и работи за седници на Совет **Биљана Тасевска, с**оветник за правни работи и застапување **Сања Стојановска** и **Драган Цвијовиќ**-поддршка на градоначалникот.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

**ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ**

Градоначалникот на општина Крива Паланка **Сашко Митовски** го водеше состанокот на колегиумот со запознавање на тековните активности на одделенијата и планирање на активностите во нареден период при што беа донесени следните заклучоци:

<u>**Секретар на Општина Крива Паланка**</u>

Задолженија на Секретарот на Општина кои треба да ги изврши во наредниот период , а кои произлегуваат од колегиумот на ден 13.03.2023 година.

-Заедно со Драган Цвијовиќ да се превземат обврски околу организацијата на започнувањето на процесот на масовна проценка и репроценка на данок на имот (кампања ,обука на тимови ,динамика, план за работа и сл.);

-Да се преземат обврски околу постапката и начинот за продавање на парцелите на Калин Камен и Треска;

- Да се пратат вработени на обука и полагање за водење на постапка за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште;

-Да се превземе контрола и да се направи пресек околу целокупните барања од граѓани и истите да бидат ургентно решени;

- Да се види со постапката за трансформација на работен однос во ООУ Јоаким Крчовски;

-Да се види за обезбедување на донација на противпожарна опрема;

- Да се исконтактира со МЛС во врска со повратот на средства од проектот со Косово и повратот на средства со град Лесковец,Р.Србија;

-Канцеларијата на ОИК да се ослободи и истата да се даде на користење на ЈП Калин Камен;

-Да се превземат активности околу започнување на организација на традиционалниот турнир во мал Фудбал;

-Тековни активности.

**<u>Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој</u>**

Задолженија за Раководителот на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој  кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 13.03.2023 година

-Да се види начинот, постапката и соодветните одлуки кои треба да се донесат за иницијативата ,,еден денар за спорт''.

-Да се извршат сите неопходни подготовки за имплементација на зонското паркирање:

-Одлука за седница на Сове;,

-Софтерско решение;

-Правилник за работа;

-Набавка на опрема да се предвиди и да се направи анализа што е потребно;

-По направената финансиска анализа да се донесе одлука за зголемување на основачакиот влог;

-Тековни активности

**<u>Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина</u>**

Задолженија за раководителот на секторот за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комуналната инфаструктура кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 13.03.2023 година

1. На проектантските куќи да се направи целосен пресек и притисок да достават проектна документација  по однос на зададените проектни задачи:

**1. Параметар**

( Урбанистички проекти за инфраструктура за парцелата на Треска, Калин Камен, водовод село Мождивњак, канализација населба Маневци и канализација населба Трнци)

2. **Аква**

( Водовод Мождивњак, канализација населба Маневци и канализација населба Трнци)

3. **МГ Проект**

   (Да се забрзат активностите за изработка на проектна документација за уредување на јавни површини ( населба Илинденска и Метеоролошка за да може да се распише јавна набавка , инфраструктурен проект за водоводна линија Вирови Грамаѓе во с. Конопница ).

4. **Еуро Роад**

Да се даде приоритет на улица во населба Житни, за истата рокот е до 14 март каде треба да се аплицира во МТВ.

( Да се даде налог за проектирање на потпорни стени на ул.„Ратко Минев“,
ООУ Илинден, улица „Калин Камен“ )

5. **Ин пума**

Ургентно да се отпочне со постапка за проектирање за депонија за инертен отпад;

6. **24 Инг**

   1.Сообраќаен проект за траен режим на централна градска улица и основен проект за зонско паркирање и да се организира работен состанок со проектантите, МВР и Јорданчо Миневски околу сите дилеми и конечни решенија за зонското паркирање;

   2.Да се распишат сите јавни набавки предвидени според планот за јавни набавки за 2023 г.
   -Со Иван Велиновски да се реферира и изготвува извештај во писмена форма по однос на постапката и динамиката на Генералниот урбанистички план и Деталните урбанистички планови(секој понеделник).

3.Да се подготви во систем одобрение за градба за улица:
-„Ристена Гогова“
-Централна Улица

Да се докомплетира техничка документација за:
-Градски мостови;
-Регулација на Дурачка река со сервисна улица ( да се исконтактира со ГИМ);
-ПУМ трака.

4. Да се следи и информира околу постапката за ученичкиот дом Боро Менков.

5.Да се измени програмата за урбана опрема и да се распише оглас за поставување на платформа и барака за продавање на кафе на спортскиот комплекс.

**<u>Одделение за финансиски прашања</u>**

Задолженија за одделението за финансиски прашања кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 13.03.2023 година

-Да се исконтактира со „Македонски пошти“ околу доставата на решенијата за данок на имот и фирмарини;

- Да се изготви список за блокирање на сметки за лица кои не сакаат да плаќаат данок на имот и за истите да се поведе постапка;
- Заедно со Даниела Велковска и Јорданчо Миневски да се види околу носењето на одлуки, начинот и постапката за зголемување на основачкот влог на ЈП „Калин Камен“ за да се стави во функција;
- Да се земат во предвид сите одобрени апликации за кофинасирање и истите да се испланираат со првиот ребаланс на Буџетот;

-Тековни активности.

**<u>Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура</u>**

Задолженија за одделението за изградба и одржување на комуналната инфраструктура кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 13.03.2023 година

1.На проектантските куќи да се направи целосен пресек и притисок да достават проектна документација по однос на зададените проектни задачи:

**1.Параметар**

( Урбанистички проекти за инфраструктура за парцелата на Треска, Калин Камен, водовод село Мождивњак, канализација населба Маневци и канализација населба Трнци)

**2.Аква**

( Водовод Мождивњак, канализација населба Маневци и канализација населба Трнци);

**3.МГ Проект**

(Да се интензивираат активностите за изработка на проектна документација за уредување на јавни површини ( населба Илинденска и Метеоролошка за да може да се распише јавна набавка, инфраструктурен проект за водоводна линија Вирови, село Конопница )

**4.Еуро Роад**

Да се даде приоритет на улица во населба Житни за истата рокот е до 14 март каде треба да се аплицира во МТВ.

( Да се даде налог за проектирање на потпорни стени на ул.„Ратко Минев“, ООУ Илинден,улица „Калин Камен“ );

2.Да се види околу начинот за обезбените средства за тамонирање на селски патишта во с.Градец населба Мизовски Ливади од МЗШВ за постапката за распишување на тендерска постапка и сл.

3.Да се исконтактираат фирмите за кои е направено вовед во градба и истите да започнат со градежните активности

1. Фирмата Стоименов од Осички мост до мотел;
2. Фирмата-Цвет Компани –во с. Кркља;
3. Фирмата-Кооп –Урбани;
4. Фирмата-Лабино- Градски пазар.

4. Фирмата Стоименов да ги доврши сите започнати градежни активности и тоа :

- Позади тротоарите да се израмни просторот за да може да се посее со трева;
- Да се постави ограда на дел на пешачка патека лев брег;
- Да се постави по спогодба со сопственици на имот покрај пешачка патека висока зона лев брег;
- Да се довршат сите активности на тротоарите пред техничкиот прием;
- Да се отворат дупки за дрворед;
- Да се постави бекатон или да се избетонира површина на мост на Скрљавски дол кај поранешна Кантина.

5.Да се исконтактира со ЈП „Комуналец“ и да се отстранат делови од карпест материјал кои се на тротоарите на потегот од Осичка мала до мотел Македонија

6.По завршеток на јавната набавка да се отстрани старата еластичната одбојна ограда на потегот од Осички Мост до Мотел Македонија

7.Да се подготви во систем одобрение за градба за улица:
-„Ристена Гогова“
-Централна Улица.

Да се докомплетира техничка документација за:
-Градски мостови
-Регулација на Дурачка река со сервисна улица ( да се исконтактира со ГИМ)
-ПУМ трака

8.Фирмата Белешков Инжинериг-Крива Паланка да продолжи со градежни активности по дадениот налог за работа
-Скали Трновска Мала
-Уредување на простор пред ООУ„Јоаким Крчовски“;
-Уредување на паркинг простор Дурачка Река
-Да се реши одводнувањето од атмосферските води кај поранешна касарна.
-Да се изведат премини преку долови за да се обезбеди континуитет на тротоарски површини (кај поранешна Треска и кај тениско игралиште)

9.Да се искординира заедно со ЈП „Комуналец“ за да се решат приклучоците за каналазациона мрежа во Бурови Бавчи, село Конопница и колектор градски пазар.

10.Да се превземат активности околу уредувањето на просторот позади зградите во Единство ( нивото и проблемот со водата) .

11. Да се постапи по неодговорените барања од граѓани и Месни заедници и да се даде соодветен одговор.

12. Да се исконтактира со ЕВН околу изместувањето на далеководната линија во село Можднвњак.

13. Да се види можноста за поставување на дополнителни канделабри од Осички мост до мотел Македонија

14. Гребаниот асфалт од Осички мост до мотел Македониија да се распореди на патот од пристапен пат кон брана во с.Конопница, Рампа од игралиште надолу, и на потегот од повеќенаменското игралиштево с. Конопница кон спој со А2.

15.Да се распишат сите јавни набавки предвидени според планот за јавни набавки за 2023.

16. Да се види околу погрешните проценки во село Кркља и можноста истите да се корегираат

17.Да се види со фирмата Мелтон околу налогот за работа да започне со активност( фарбање градски пазар,ц ветни декорации, ограда на дол Нимулија, канделабри Осички мост – мотел Македонија , промена на оштетени решетки , Градечки мост декорации, клупи речно корито, мост Мизовски Ливади)

-Тековни активности

## Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија

Задолженија за одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 13.03.2023 година

1.Да се превземат активности од програмата за култура и културни манефестации околу организацијата на првоаприлско дефиле, велигдеснките празнувања и денот на ромите 8 ми Април . Да се направи концепт, да се ангажираат артисти и да се направи организација со задолжениее за истите.

2. Да се исконтактира Стојанче Величковски околу изготвување на туристички водич за Крива Паланка.

3.Да се превземат активности околу годишната оперативна програма на ЛЕР

- Прогласување на млад земјоделец
- Воведување на ИСО стандарди фаза 2
-Визуелен туристички водич
-Организираање на обуки и активни повици од МЗШВ да се даде информација за активните повици за грантови до 10.000 евра за

( мали винарии, дестелерии и мали производители на храна)

4.Да се распишат сите планирани набавки од планот за јавни набавки за 2023

5. Да се одговорат сите активни барање од граѓани и по истите комисијата да заземе став.

6. Да се превземат обврски околу моменталните активни повици и за истите навремено да се подготви апликавција.

- МТВ декада на Ромите улица „Гоце Делчев“.
- МЖС проектна документација за пречистителна станица.
- МЖС регулација на Домачки Дол

МК проектна документација за НУ Центар за култара

7. Да се стапи во контакт со Гордана од АМС за оточнување на постапка за отварање и опремување на младинска канцеларија.

8. Да се отпоче со подготовка за организација на традиционалниот турнир во мал фудбал.

9.Да се отпочнат активности од програмата за социјална и детска заштита за:

- Изградба на пристапни рампи на лица со попреченост;
- Субвенционирање на самохрани родители на деца за претстој во ОЈУДГ Детелинка; --- Ослободување на семејствата на бранители од сметките за комунални услуги.

- Тековни активности

**<u>Одделение за човечки ресурси</u>**

Задолженија за одделение за човечки ресурси кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 13.03.2023 година

-Тековни активности

**<u>Одделение за правни и општи работи</u>**

Задолженија за одделение за правни и општи работи кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 13.03.2023 година

-Да се види до каде е постапката за овластување на Општински сообраќаен инспектор;

-Во координација со Маја Костадиновска да се види за имотниот лист и натамошната постапка за ученичкиот дом Боро Менков;

-Повторно да се распише јавен оглас за давање под наем на училиштето во с.Станци;

-Да се распишат сите планирани јавни набавки од планот за јавни набавки за 2023 година;

-Во координација со Марија Златановска да се разгледа можноста за носење на одлука за зголемување на основачкиот влог на ЈП „Калин Камен“ за да може да започне со работа;

-Во координација со Јорданчо Миневски да се види околу начинот на започнување и ставање во функција на ЈП „Калин Камен“;

-Да се разгледа правната можност за иницијатива ,,еден денар за спорт.‘’

-Тековни активности

**<u>Одделение за инспекциски надзор</u>**

Задолженија за одделение за инспекциски надзор кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 13.03.2023 година

-Да се направи анализа на потребите за поставување на нови контејнери и за истите да се даде налог на ЈП „Комуналец“;

-Да се организира акција за заловување на бездомни кучиња;

-Да се превземат сите ноопходни активности за подготовка на генералка викенд-12 мај;

-Ангажираните работници за општо корисна работа и затвореници да се фокусираат на

1.Уредување и сеење со трева на простор од Осички мост до Бабин Дол;

2.Да се извадат сите камења, да се израмни целиот простор и истиот да се посее со трева;
3.Да се измете патот до новите гробишта во село Конопница;
4.Метење на ризлата на автопат ;
-Тековни активности

<u>**ЈП Комуналец**</u>

Задолженија за ЈП Комуналец кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 13.03.2023 година

**Сектор зеленило**

-Да се направи подготовка за садење на јапонска цреша од Осички мост до мотел Македонија за денот на пролетта (21.03.2023 година);

- Да се набават декоративни зимзелени дрвца и да се започне со уредување на просторот кај Борчева кафеана и истиот да се осветли со зелени рефлектори;

- Со Мелтон да се види околу дадениот налог за цветните декоративни фигури и истите да започнат да се поставуваат;

- Да се работи на сеење трева и уредување на просторот од спортскиот комплекс нагоре лево и десно и речното корито од м.в.„Шанин мост“ надолу;

- Да се набават нови тримери за косење трева;

- Да се организира и да се започне обновата на Општинскиот грб на косината кај Шанин мост;

- Да се види околу набавката на системот за наводнување,прскалки на косините и сите зелени површини, пумпи за речното корито;

- Да се обнови тревата на пешачката патека Бабин Дол;

- Да се започне со уредување на градскиот парк со декоративен бел и сив камен и со декоративни црвени дрвца и да се заменат оштетените зимзелени дрвца и украси;

- Да се започне со окројување на сите зимзелени декоративни дрвца парк,плоштад,клучки.

**Сектор чистота**

**-** Да се изврши метење на површинете под тротоарите;
- Да се изврши миење на пешачката патека, патот накај Манастир, патот накај градските гробишта, градскиот пазар, градскиот парк,плоштад и детското катче,тротоарите автопат,пешачката патека;
- Да се стави во функција тракторската метларка и истата да почне со работа по направениот распоред;
- Да се заврши уредувањењто на просторот кај складот и истиот да се огради;
- Да се остранат сите нефукционални корпи на главната улица и магистралата;
- Да се направи генерално чистење на градската капела;
- Да се прави секојдневна контрола на метлачите на зададените задачи и на извршените;
- Малата метларка и правосмукалките да работата секојдневни односно да не прекинуваат со работа.

**Генерални заклучоци**

-Да се види околу приклучокот на канализации кај градскиот пазар;
-Да се види и започне со фарбање и уредување на просторот кај градскиот пазар(кречење на сите површини);
-Да се започне со уреување на тоалетот на градскиот пазар;
-Да се распишат јавни набавки за сервис и одржување на возила;
-Да се стави во функција тракторската метларка;
-Да се види околу набавката на тримери,пумпи за наводнување и прскалки за косините.

**<u>ЛУ Градски Музеј</u>**

Задолженија за ЛУ Градски Музеј кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 13.03.2023 година

-Тековни активности

**Генерални задолженија и информации**
**13.03.2023**

1. Подготовка за следните активни повици ( Секретар и Валентина Ангеловска)
   Министерство за Животна Средина;
- Проектна документација за основен проект за пречистителна станица;
- Повик кој ќе излезе набргу сектор води ( регулација на домачки дол );

2. Министерство за култура ( Драган Величковски и Валентина Ангеловска)
- Проектна документација за основен проект за уредување на НУ Центар за култура

3. До 15 март да се достават до регионот сите потребни документи со одобрение за градба за локален пат во село Мождивњак ( Секретар и Валентина Ангеловска)

4. Понеделник 13.03.2023 да се состави апликацијата до МТВ за повикот декада на ромите за истата да се издаде решение/одобрение за градење за улица Гоце Делчев – вторник 14.03.2023 да се однесе за Скопје(Маја Костадиновска и Валентина Ангеловска)

5. Општина Крива Паланка започнува процес на масовна проценка на данокот на имот на правни и физички лица од 01.04.2023 година ( Драган Цвијовиќ)

6. Околу постапката за старечкиот дом во Ученички Дом Боро Менков, МОН за краток временски период ќе се изјасни околу одлуката и понатамошното функционирање на домот, за што отпосле ќе ја водиме целата постапка. Инаку Општина Крива Паланка е влезена во годишната програма на МТСП за капитални инвестиции.

7. Проектната документација за централната улица е комплетирана целосно по стандарди на Светска банка, истата да се аплицира во системот за оддобрение за градба и за брз временски период ќе се распише лот и тендерска постапка само за Општина Крива Паланка.

8. Седница на Совет да се закаже средината на месец април во зависност од потребата за ребаланс на Буџетот на Општина Крива Паланка и за истата да се подготват следните одлуки:

- Одлука за комунален ред
- Одлука за такса за тешки товарни возила;
- Сите потребни одлуки за ЈП „Калин Камен“ да започне со тековна работа и подготовка за зонското паркирање.

9. Да се распишат сите јавни набавки според месечниот план за јавни набавки;

10. Општината да се подготвува за повикот на АФПЗРР

- Рехабилитација на локален пат постоечки пат до Калин Камен;
- Уредување на градски мостови;
- Адреналински парк;
- Пешачка патека Бабин Дол.
-

11. Да се пријават кандидати за следење на обуката и полагање за отуѓување на градежно земјиште сопственост на РМ

12. Ангажираните работници за општо корисна работа и затвореници да се фокусираат на:

- Уредување и сеење со трева на простор од Осички мост до Бабин Дол;
  Да се извадат сите камења, да се израмни целиот простор и истиот да се посее со трева;
- Да се измете патот до новите гробишта во село Конопница;
- Метење на ризлата на автопат .

13. ИНТЕЗИВНО ДА СЕ ИЗВРШАТ СИТЕ НЕОПХОДНИ ПОДГОТОВКИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЗОНСКОТО ПАРКИРАЊЕ
    -Одлуки на Совет;
    -Софтерско решение;
    -Правилник за работа;
    - Набавка на опрема да се предвиди и да се направи анализа што е се потребно;
    - По направената финасиска анализа да се донесе одлука за зголемување на основачкиот влог.

**13.03.2023 година, Крива Паланка**
**Изготвил: Клара Стевановска**